Circular Economy in Tourism

CEnTOUR



# БИЛТЕН ВОЛ. 1 - ФЕВРУАРИ 2021

## ПРОЕКТОТ

**CEnTOUR** - - Циркуларна економија во туризмот е проект финансиран од програмата COSME кој спроведува шема за **градење капацитети и поддршка за мали и средни претпријатија МСП** од туристичкиот сектор во пет европски земји (Италија, Шпанија, Северна Македонија, Молдавија, Грција), водејќи ги да достигнат различни нивоа на иновации во циркуларната економија во рамките на перспективата на системот за транзиција, особено преку обратен синџир на снабдување и симбиоза.

## ЦЕЛИ

CEnTOUR има за цел да ги поддржи МСП во развојот и спроведувањето на циркуларни бизнис активности во рамките на интегрираниот систем за локален развој. Поконкретно, овој проект има за цел да го забрза (акцелерира) и поддржи капацитетот на МСП во туризмот за прифаќање на одржливи решенија, предлагајќи фокус на отпадот во секторот храна Решенија без пласитка и обмислување на пакувањето и колаборативна потрошувачка.

**ДАТУМ НА ЗАПОЧНУВАЊЕ:** 16 Септември 2020
**ДАТУМ НА ЗАВРШУВАЊЕ:** 15 Септември 2023

## КОНСОРЦИУМ

Конзорциумот на проектот се состои од **10 партнерски субјекти**:

- **Стопански Комори:**
  1. Стопанска Комора на Марче (Италија) – Водечки Партнер
  2. Стопанска комора на Ксанти (Грција)
  3. Форум на Јадранските и Јонските стопански комори (Италија)
- **Обуки и Консултации:**
  4. Проект Arcadia (Италија)
  5. Ecores (Белгија)
  6. Центар за Бизнис и Инновации (Северна Македонија)
  7. Центар за социјална иновација Ltd. (Кипар)
- **Академски партнер:**
  8. Политехнички универзитет во Марке (Италија)
- **Бизнис Асоцијаци:**
  9. Организација за развој на мали и средни претпријатија „ОДИММ“(Молдавија).

## Прв меѓународен состанок на партнерите

На 15-ти и 16-ти октомври 2020 година, наместо да се сретнат лице в лице како што првично беше планирано, поради околностите на Ковид-19, партнерите одлучија да се состанат онлајн. Целта беше да се постави рамката што Конзорциумот ќе ја следи во текот на следниот период за да се постигнат целите на проектот. Поконкретно, партнерите разговараа за проектот, неговите цели и работни пакети, како и нивните улоги и обврски.

## АНКЕТА НА МСП

Како дел од првиот пакет за работа на проектот CEnTOUR, конзорциумот спроведе истражување меѓу МСП во избраните региони на проектот. Неговата цел беше да се разбере подобро моменталниот јаз во вештините со кој се соочуваат малите и средните претпријатија во туризмот, кога ќе се префрлат на циркуларна економија.

Co-funded by the COSME programme of the European Union

The content of this publication represents the views of the authors only and is their sole responsibility; it cannot be considered to reflect the views of the European Commission and/or the Executive Agency for Small and Medium-sized Enterprises (EASME) or any other body of the European Union. The European Commission and the Agency do not accept any responsibility for use that may be made of the information it contains. [Proposal number: 951076]

*"Неопходно е да се зајакне циркуларната транзиција со обуки и да се развие во целиот синџир на снабдување. Ние дизајнираме и управуваме со тури кои се чисти, во однос на животната средина, и праведни во однос на локалните заедници и патниците. Иако играме мала улога во националната и меѓународната туристичка индустрија, ние постојано напредуваме да спроведуваме нови, добри, одржливи практики за да го направиме светот подобро место за живеење и патување. Убедени сме дека промените, за да се случат и да бидат целосно учествувани, треба да се споделат со сите засегнати страни во индустријата. Честопати е преголем напор да се смени сам рутината во целиот ланец на снабдување."*

*„Имам само основно знаење, не следев никаква обука за циркуларна економија и не знам како да ја применам на мојата компанија. Откако ги прочитав информациите содржани во оваа анкета, мислам на некое подобрување во одржливата мобилност, но тоа бара инвестиција што не можам да ја правам сам во моментот."*

**Многу МСП** се соочуваат со неколку предизвици во транзицијата кон циркуларна економија: финансиски бариери, недостаток на знаење и важноста од постигнување системска промена за да се направи транзицијата што е можно поефективна. Со оглед на овие согледувања, нудењето обуки со прилагодена наставна програма ќе одговори на некои од овие предизвици.

## ОБУКА ЗА МСП

Резултатите од истражувањето/анкетата ќе придонесат за развој на програма за градење на капацитети и обука за мали и средни претпријатија во туризам, со цел да им се обезбедат потребните вештини, знаење и соодветниот начин на размислување и ресурси за развој на иновативни решенија кон циркуларна економија, зголемувајќи го нивниот капацитет за преиспитување на нивните бизнис модели, производи и услуги.

Програмата за обука што произлегува од резултатите е структурирана од околу 8 модули, опфаќајќи ги следниве теми: општ вовед во циркуларна економија, транзиција на циркуларна економија во туристички организации, управување со енергија и вода во туристички организации, управување со отпад од храна во туристички организации, без пластика и одржливо пакување во туристички организации, колаборативна потрошувачка во туристичкиот сектор, еколошко сертифицирање, комуникациска циркуларност.

Покрај тоа, резултатите од истражувањето ќе му овозможат на конзорциумот да ги обликува содржините и активностите на претстојната **Заедница за Практики** насочени кон кружниот туризам: споделување на успешни најдобри практики, организација на веб-венари, курсеви преку Интернет и колективно тренирање.

## ПОВИК ЗА ИЗБОР

Проектот наскоро ќе објави преку **Прес Конференција**, како и на нејзината официјална веб-страница и социјалните мрежи, повик за избор на мали и средни претпријатија од туристичкиот сектор. **На 68-те избрани корисници** (18 МСП во Италија, 14 во Шпанија, 12 во Молдавија, 12 во Северна Македонија, 12 во Грција), директно финансирани од проектот, ќе им се даде можност да ги зајакнат своите капацитети и вештини преку програмата за обука на CEnTOUR.

## ЦИРКУЛАРЕН ТУРИЗАМ ВО ВЕСТИ

Овој дел нуди најнови вести во циркуларниот туризам:

- **World Economic Forum**
  How we can prioritize sustainability in rebuilding tourism
- **The Fifth Estate**
  We have a chance to rebuild a thriving, circular tourism industry
- **Hospitality Net**
  Global Tourism Plastics Initiative Welcomes 26 New Signatories
- **UNCTAD**
  Life after lockdown: Rebuilding tourism globally, sustainably

## STAY IN CONTACT

Посетете ја нашата официална веб странаа www.circulartourism.eu, и најдете не на социјалните мрежи:

**Twitter:** www.twitter.com/centourin
**LinkedIn:** www.linkedin.com/company/centour

CAMERA DI COMMERCIO DELLE MARCHE
CHAMBER OF COMMERCE AND INDUSTRY OF XANTHI
AIC FORUM
PROGETTO ARCADIA
EcoRes
Business Innovation Center
Center for Social Innovation
UNIVERSITÀ POLITECNICA DELLE MARCHE
ODIMM